# КСС И ГРАНСКИТЕ СИНДИКАТИ СО ПОДДРШКА ЗА ШТРАЈКОТ НА СОНК

Писма за поддршка за Генералниот штрајк на СОНК, кој започна денес 11.04.2022 година, пристигнаа и од КСС и гранските синдикати во земјава. Тие даваат целосна, недвосмислена и безрезервна поддршка за активностите на СОНК во борбата за достоинство, праведност и почит кон трудот на работниците.

Во продолжение можете да погледнете дел од писмата за поддршка:

**До**
**Средствата за јавно информирање**

**Предмет: Соопштение**

**"КСС со подршка за генералниот штрајк на СОНК и повик до родителите за солидарност кон просветните работници "**

*Почитувани медиуми,*

КСС веќе подолго време укажува на лошата состојба на вработените во јавниот сектор и незадоволството од платите.

Своето незадоволство гранските синдикати при КСС го искажаа низ низа различни синдикални активности. Низ годиниве гранските синдикати одржаа низа протести, а последниот протест беше одржан на 30.03.2022 година од повеќе грански синдикати при КСС.

КСС одлучно стои позади барањата на СОНК и со сите свои ресурси и логистика го поддржува генералниот штрајк на СОНК.

КСС цврсто застанува и ги поддржува вработените во дејноста образование и дејноста предучилишно згрижување и воспитание на деца и нивните барања за достоинство, праведност и почит кон трудот и да се започне со исплата на плати во согласност со законот и колективните договори.

Без заслужената плата, без почитување на веќе стекнатите права кои ги имаат работниците во овие дејности, но и со осиромашени, а и недоволно ценети работници нема да имаме никаков прогрес во образовниeто на нашите деца, бидејќи ќе се соочиме со серизоен дефицит од овие професии, односно ќе нема која да ги згрижува и образува нашите деца.

Затоа ги повикуваме и родителите да искажат силна солидарност спрема вторите родители на нивните деца и одлучно да ги поддржат образовните работници да се изборат за статусот кој го заслучуваат.

Браќа и сестри, членови на СОНК,

КСС со сите грански синдикати е со Вас и Ве поддржуваме да издржите во овие тешки моменти за Вашата професија.

Сите заедно, се разбира на чело со Вас, покажавме дека синдикалното движење сеуште постои и затоа со цела енергија и ресурси, со стремеж за подобар живот и почитуван

просветен работник,  Ве повикуваме на 11 април сите заедно, ние, вие и родителите да го поддржиме генералниот штрајк и да покажеме единство и истрајност за почитување на вашата професија.

Со почит и солидарност,

*Со почит,*

Конфедерација на слободни
синдикати на Македонија

**ул.50-та Дивизија бр.25, п.фах 79 1001 Скопје, тел/фах 02/2466 238, e-mail: contact@kss.mk**
**50-ta Divizija 25, p.box 79 1001 Skopje, tel/fax 02/2466 238, e-mail: contact@kss.mk**

**САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА РУДАРСТВОТО И ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Почитувани колеги

Ние како **С**амостоен **С**индикат на работниците од **Е**нергетика ,**Р**ударство и **И**ндустрија –**ССЕРИ** на Македонија недвосмислесно и безрезевно ја даваме нашата поддршка за генералниот штрајк на **С**индикатот на **О**бразование,**Н**аука и **К**ултура-**СОНК** на Македонија .

Во целост ги подржуваме заложбите на **СОНК** во остварување на своите права, со зголемување на платите на просветните работници и усогласување на платите со порастот на минималната плата во Македонија.

Со порамнувањето на платите во дејностите образование,нука и култура направена е голема неправда кон просветните работници и истите се демотивирани за извршување на своите работни обврски а сите добро знаеме дека нивната работа е ВОСПИТУВАЊЕ НА НАШИТЕ ДЕЦА.

Поради наведеното повикуваме на разумност од страна на Владата и исполнување на барањата на СОНК

Напоменуваме дека усогласувањето на минималната плата со колективните договори е законска обврска на Владата. Со самото тоа што не ја почитува, таа директно ги прекршува законите и дава лош пример на работодавачите од приватниот сектор

Дата

07-04-2022 год.

Претседател на ССЕРИ

Васко Перчаковски

**До**
**Средства за јавно информирање**

**ПРЕДМЕТ: Соопштение**

**НСО дава целосна поддршка на генералниот штрајк на СОНК**

Независниот синдикат на одбраната дава целосна поддршка на штрајкот на СОНК кој ќе започне на 11 април.

Како синдикат од јавниот сектор сметаме дека според законите во државата секој вработен од овој сектор заслужува унапредување на неговите работнички права. СОНК којшто ги претставува вработените во градинките, основното и средното образование, веќе четири години бара усогласување на растот на минималната плата со колективните договори. Впрочем, така е и пропишано со членот 8 од Законот за минимална плата.

Земајќи го тоа во предвид, сметаме дека штрајкот е сосема легитимен, бидејќи го изразува револтот на вработените во овие дејности чиишто плати се порамнети или речиси порамнети, токму поради неусогласувањето на колективните договори.

Воспитно – образовниот кадар игра клучна улога во нашето општество, бидејќи од нив зависи иднината на нашите деца. Сегашната ситуација влијае демотивирачки врз нив и нивната продуктивност, нешто што не треба да се дозволи, бидејќи се зголемува нивното незадоволство.

До родителите би сакале да упатиме апел да се солидаризираат и да ги сфатат проблемите со коишто се соочуваат овие вработени.

Претседател,
Ванчо Исајов

СИНДИКАТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
TRADE UNION FOR TRANSPORT AND COMMUNICATIONS

**До**
**Средства за јавно информирање**

**ПРЕДМЕТ: Соопштение**

**СТВ изразува целосна поддршка за генералниот штрајк на СОНК**

Синдикатот за транспорт и врски силно го поддржува генералниот штрајк на СОНК и му посакува истрајност во борбата за остварување на барањата.

Сосема е легитимно еден синдикат да го искаже револтот со прекин на работата на неговите членови, особено кога четири години по ред Владата нема слух за барањата коишто во многу наврати ги посочи. Недозволиво е професионалци кои задолжени за образување и воспитување на нашите деца да бидат незадоволни и демотивирани од неисполнувањето на законските обврски од страна на Владата. Исто така, недозволиво е носителите на дејност како наставниците, професорите воспитувачите и негувателките да земаат исти плати со останатите вработени. Мора да напоменеме дека и останатиот кадар е еднакво важен за функционирањето на установата.

Апелираме СОНК заедно со членството да бидат истрајни и да не се колебаат за да ги остварат нивните барања, а на родителите им порачуваме да искажат солидарност и да ги разберат проблемите со коишто се соочуваат.

Претседател,
Зоран Дионисијев

**Ул. 50-та Дивизија бр.25 П.ФАХ 602 Скопје 1000, Тел 02 466 238,e-mail: sindikat.STV@gmail**
**Ul. 50-ta Divizija 25, p.box 602 Skopje 1000, tel 02 466 238,e-mail: sindikat.STV@gmail**

Синдикат на администрацијата
и државната управа
на Македонија

**До**
**Средства за јавно информирање**

**ПРЕДМЕТ: Соопштение**

**САДУ со поддршка на штрајкот на СОНК – „И вработените во училиштата и градинките се родители чиишто семејства треба да имаат пристоен живот“**

Синдикатот на администрацијата и државната управа на Македонија – САДУ безрезервно го поддржува генералниот штрајк на братскиот синдикат СОНК.

Вработените во основното, средното образование и детските градинки се една од најважните алки во нашата државата, бидејќи нивна задача е да ги образуваат и воспитуваат нашите деца најдобро што може. Сепак, непочитувањето и неисполнувањето на правата коишто законски им следуваат од страна на Владата, силно ги демотивира да ги извршуваат посветено своите работни задачи. Впрочем, вработените во образованието и детските градинки имаат најниски плати во регионот, да не зборуваме за пошироко.

Од друга страна, неусогласувањето на колективните договори со растот на минималната плата во претходните четири години предизвика да има големо порамнување на платите на различни работни позиции кои имаат различен коефициент на сложеност, што никако не е прифатливо, ниту пак е законски и е спротивно на конвенциите на Меѓународната организација на трудот кои Македонија ги има ратификувано.

Ние како братски синдикат на СОНК потполно ги поддржуваме нивните барања и испраќаме апел до родителите да покажат солидарност и разбирање и да го земат во предвид тоа дека и овие вработени се родители чиишто семејства треба да имаат пристоен живот.

Претседател

Благоја Ралповски

WWW.SADU.MK
50-та Дивизија бр. 25, П. Фах 79, 1001 Скопје, тел/факс 02 2466 238, e-mail: contact@sadu.mk,
Жиро с-ка 300000002736309 Комерцијална банка АД Скопје, ДБ. 4030008032379

СИНДИКАТ на СТАНБЕНО-ДЕЛОВНИТЕ,КОМУНАЛНИ,
ЛОКАЛНО-САМОУПРАВНИ, ВОДОСТОПАНСКИ,
ХОТЕЛИЈЕРСТВО УГОСТИТЕЛСТВО и РАДИОДИФУЗНИ
ОРГАНИЗАЦИИ на РМ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, тел: 02/2633-909 ,

**До**
**Средства за јавно информирање**

**ССКО дава безрезервна поддршка на штрајкот на СОНК**

**ПРЕДМЕТ: Соопштение**

**ССКО дава безрезервна поддршка на штрајкот на СОНК**

Синдикатот на станбено – деловните, комунални, локално – самоуправни, водостопански, хотелиерство и угостителство и радиодифузни организации на Р.М. безрезервно го поддржува најавениот генерален штрајк на братскиот синдикат СОНК.

Вработените во основното, средното училиште и градинките ги заслужуваат правата коишто им следуваат согласно законите и Колективните договори, па оттаму Владата е обврзана да им ги овозможи.

Порамнувањето на платите во овие дејности преставува еден сериозен проблем кој силно ги демотивира оние коишто треба да ги образуваат и воспитуваат нашите деца, што во ниеден случај не носи добро за Македонија, ниту за нејзината иднина. Затоа Владата треба да покаже слух за барањата и истите да ги исполни.

Напоменуваме дека усогласувањето на минималната плата со колективните договори е законска обврска на Владата. Со самото тоа што не ја почитува, таа директно ги прекршува законите и дава лош пример на работодавачите од приватниот сектор.

Целосно го поддржуваме штрајкот на СОНК, кој како и секој синдикат има право преку преземање на радикални синдикални чекори да ги заштити правата на своите членови. На родителите им порачуваме да покажат разбирање и да бидат солидарни со воспитно – образовните работници кои стапуваат во штрајк.

Претседател,
Зоран Антовски

ПЕНЗИОНЕРСКИ СИНДИКАТ
НА МАКЕДОНИЈА

**До**

**Средства за јавно информирање**

**ПРЕДМЕТ: Соопштение**

## Пензионерскиот синдикат го поддржува штрајкот на СОНК

Пензионерскиот синдикат на Македонија дава безрезервна поддршка на генералниот штрајк на СОНК и изразува надеж дека ќе успее во борбата за постигнување на целта.

Воспитно – образовниот кадар е најмногу заслужен за тоа во какви луѓе ќе израснат нашите деца, па поради тоа играат клучна улога во општеството. Барањата коишто СОНК како претставник на вработените во основното, средното образование и градинките ги има поставено пред Владата се легитимни и им следуваат согласно законските прописи кои ги опфаќаат.

Платите на вработените во овие дејности се под просечната и се најмали во регионот и во Европа, а СОНК веќе четири години активно бара да се усогласат колективните договори со растот на минималната плата за да се зголемат и нивните плати.

На родителите би сакале да им порачаме дека треба да имаат разбирање и да бидат солидарни со вработените коишто од Понеделник стапуваат во штрајк.

Претседател

Марјан Спасовски

**До**
**Средства за јавно информирање**

**ПРЕДМЕТ: Соопштение**

**СУТ дава потполна поддршка на генералниот штрајк на СОНК**

Синдикатот за угостителство и туризам на Македонија – СУТ дава целосна и недвосмислена поддршка на генералниот штрајк на СОНК.

Штрајкот е легитимно синдикално средство коешто секој синдикат има право да го искористи доколку има потреба за тоа. Нашите колеги од СОНК и нивното членство се крајно револтирани од немањето на слух од страна на државата, па оттаму имаат целосно право да го искористат ова средство за постигнување на целта кое е пропишано во Законот за работни односи.

Им порачуваме на вработените во основно, средно образование и градинките да не подлегнуваат на притисоците и да бидат истрајни во остварувањето на нивните барања, за кои имаат наша потполна поддршка.

Наставно – воспитниот кадар игра клучна улога за тоа какви луѓе ќе бидат нашите деца кога ќе пораснат, па поради тоа заслужуваат да им бидат почитувани правата од работен однос. Сегашната ситуација со порамнувањето на платите се повеќе предизвикува незадоволство кај нив, што никако не е добро за нашето општество.

До родителите би апелирале да бидат трпеливи и солидарни со вработените коишто ќе штрајкуваат.

Со тоа што Владата не ги исполнува барањата, за коишто е законски обврзана тоа да го направи, на работодавачите од приватниот сектор им дава повод и тие да ги прекршуваат работничките права.

Претседател,

Роберт Митровски

***СИНДИКАТ НА ПОЛИЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА- СПМ***
*ул.„Андон Шурков“ бр.45А Велес, Македонија*
*ЕМБС - 7426666, ЕДБ-4004020518529*
*mail: sindikatnapolicijavomakedonija@gmail.com , контакт +389 70 315 745,*

***Синдикат на Полиција во Македонија***
***ев.бр .18-92_***
***08.04.2022 год.***
***Велес***

**До**

- Самостоен Синдикат за образование, наука и Култура - СОНК

**ПОДРШКА за престојниот протест!**

Синдикат на Полиција во Македонија - СПМ дава целосна и безрезервна поддршка на најголемиот Синдикат во Република Македонија - СОНК за претстојниот **ШТРАЈК** кој ќе започне на ден 11.04.2022 година.

„Почитувани, Вашите членови и вработените кои ги преставувате треба да ги добијат правата коишто им следуваат согласно законите и колективните договори и истите треба да бидат дел од социјалниот дијалог во државата.

Зголемувањето на минималната плата го поддржавме и како Грански Синдикат и како Конфедерација во која членуваме. Бидејќи со истото не се решија проблемите со усогласувањето на колективните договори со растот на минималната плата, како што и впрочем Законот за минимална предвидува, без порамнувањето на платите единствено може да создаде демотивација кај вработените.
Решението на проблемите со коишто се соочуваат Вашите членови и вработените е едноставно – зголемување на вредноста на бодот на вработените од страна на надлежните институции.

Нагласуваме дека му даваме силна поддршка на нашиот братски Синдикат СОНК во остварувањето на нивните барања - повисоки плати кои поради немањето на слух од страна на надлежните, ќе го искажат незадоволството по пат на штрајк. Посакуваме да останете достојни на Вашите Барања и да истраете се до конечно исполнување на Вашите Барања“.

**Синдикален поздрав!**

Со почит,

***ДА СЕ ВРАТИ ПРОФЕСИОНАЛИЗМОТ ВО ПОЛИЦИЈАТА!***

МП **Претседател на Синдикат на Полиција во Македонија**
Орце Коцевски

Грански
Синдикат на
Граѓански
Непрофитни

**До**: Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК

**Предмет**: Подршка за генералниот шртајк на СОНК

**Датум:** **08.04.2022**

**Почитувани,**

Независниот синдикат на Граѓански непрофитни организации дава целосна и безрезервна поддршка на братскиот синдикат: Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, за генералниот штрајк којшто ќе се одржи на 11 април.

Законите од трудовата сфера предвидуваат права, а тие права им следуваат на вработените во образованието и науката и истите треба да им се овозможат.

Наставата е една од најважните области за општеството. Што би било општеството без наставниците кои вложуваат толку многу енергија и напор за децата да се развиваат лично и да научат знаење што ќе им служи во нивниот возрасен живот?
Образовниот кадар во квалитетното обазование не е само презентер на знаења и информации, тој е и стимулатор на личните, социјалните, когнитивните, емоционалните способности, вештини, вредности на учениците/нашата младина и иднина, што овозможува континуиран напредок на учењето. Отворената соработка, интерактивното влијание, професионализмот, емоционалната интелегенција се интегрираат како моќна комбинација во личноста на наставникот како педагошки водач.
Но, за жал во Македонија, платите на вработените во овие дејности се под просечната и се најмали во регионот и во Европа.

Токму ова е најсилната аргуметирана причина зошто ние ГСНВО во целост ги подржуваме заложбите на СОНК во остварување на своите права преку зголемување на платите на просветните работници и воедно усогласување на платите со порастот на минималната плата во Македонија.

Искрена порака до родителите испраќаме, во знак на подршка на наставниците, во понеделник да најдат заменско решение и да не ги праќаат децата на училиште.

Со почит,
Славица ЈАНКОВА

Претседател
ГСНВО

САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
INDEPENDENT TRADE UNION OF THE EMPLOYEES IN THE UNIVERSITY CLINICS, CENTERS, CLINICAL HOSPITALS AND OTHER PUBLIC HEALTH ORGANIZATIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**СИНДИКАТ НА КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР (ССКЦ)**

Почитуван, г-дин Јаким Неделков, претседател на СОНК

Синдикатот на Клинички центар, дава целосна поддршка на генералниот штрајк на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК), кој ќе се одржи во понеделник на 11.04.2022 година со барање за зголемување на платите во образованието за 18,4%.

Заложбите за решавање на Вашите оправдани барања за усогласување на платите со минималната плата со МОН, МТСП и Владата на РС Македонија како социјални партнери не ги оствarија очекувањата на Вашите членови.

Надлежните институции немаа разбирање за огромниот револт кој е присутен вработените во образованието.

Поради исцрпените можности и огромниот притисок од членството, раководството и Вие како претседател бевте принудени јавно да го изразите ова незадоволство.

Во консултација со регионалните одбори на СОНК донесовте одлука за генерален штрајк. Штрајкот, за жал е несаканата, но и последна легитимна алатка со која синдикатите се борат за остварување на правата на своите членови.

Ви посакуваме да истраете во Вашата борба и да ги остварите барањата на своите членови.

Скопје, 11.04.2022 година

Со почит,

Извршен одбор на Синдикатот на Клинички центар

ул. Мајка Тереза бр. 17 - Скопје
тел./факс + 389 (0) 2 3147 116

ul. Majka Tereza br.17 - Skopje
tel./fax +389 (0)2 3 147 116
e mail: sskc.sindi@yahoo.com

# СООПШТЕНИЕ
**од**
**Независен синдикат на професионални војници**

Независниот синдикат на професионални војници, заедно со целото раководство на синдикатот, будно и редовно ја прати ситуацијата за најавениот штрајк на просветните работници организиран од СОНК и најавените протести од страна на ССМ и УПОЗ.

Им даваме целосна подршка во синдикалната борба за остварување на нивните права како што е линеарното покачување на платите за сите работници од јавниот и приватниот сектор, бидејќи и во Армијата професионалните војници ги бараат истите права , платата на професионалниот војник е под минималниот просек и потребно е усогласување на платите на вработените во Министерството за Одбрана согласно донесениот закон за минимална плата.

Ги повикувам и останатите синдикати од Армијата да дадат подршка на синдикалната борба на просветните работници, со единствена цел остварување на законското право за подобра и достоинствена плата, и потсетување до сите членови на синдикатите дека само со единство се постигнуваат успеси.

Со почит,

Скопје, 10.04.2022 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НСПВ**
Александар Насковски

М.П.

nspvm@yahoo.com
телефон за контакт:
071 /227-375